РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр.03-1057/1

Скопје 09.03.2020г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Трет седумдневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно својата обврска од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, го доставува третиот седумдневен извештај што се однесува на периодот од 2 до 8 март 2020 година.

Во него Ве известуваме дека Советот на Агенцијата, на 3 март усвои Нацрт-упатство за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година. За текстот на документот, којшто е објавен на веб сајтот на Агенцијата, отворена е јавна расправа која ќе трае до 11 март 2020 година.

Исто така, Ве информираме дека Агенцијата го прегледа Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што Државната изборна комисија го донесе на 26 февруари 2020 година, и констатираше две грешки во делот за радиодифузерите. Имено, во табелите за радија и телевизии што се регистрирале за емитување платено политичко рекламирање се нотирани субјекти на кои Агенцијата не им доделила дозволи за емитување. Во табелата за ТВ тоа е субјектот под реден број 8 - ТВ Башке-Скопје, а во табелата за радија тоа е субјектот под реден број 4 - Радио Клан Мацедониа – Тетово.

За да нема забуни, за радиото под реден број 3 Радио Пулс – Кавадарци (ТРД РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Кавадарци), треба да се има предвид дека радиото има дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Неготино.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**По овластување на директорот**

---

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**